**20250671402**

## МИНИСТЕРСТВО ЗА СОЦИЈАЛНА ПОЛИТИКА, ДЕМОГРАФИЈА И МЛАДИ

Врз основа на член 17 став (3) од Законот за спречување и заштита од насилство врз жените и семејното насилство („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 24/21 и 39/25), министерот за социјална политика, демографија и млади донесе

# ПРАВИЛНИК ЗА ФОРМАТА, СОДРЖИНАТА И НАЧИНОТ НА ВОДЕЊЕ НА РЕГИСТАРОТ НА ОБУЧЕНИ ЛИЦА ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ НА ПОЧЕТНА И КОНТИНУИРАНА ЕДУКАЦИЈА ЗА РОДОВО - БАЗИРАНО НАСИЛСТВО ВРЗ ЖЕНИТЕ И СЕМЕЈНОТО НАСИЛСТВО

**Предмет**

Член 1

Со овој правилник се пропишува формата, содржината и начинот на водење на Регистарот на обучени лица за спроведување на почетна и континуирана едукација за родово - базирано насилство врз жените и семејното насилство (во натамошниот текст: Регистарот).

Член 2

Регистарот се води во писмена и во електронска форма.

Регистарот се води на образец во писмена форма како посебна тврда подврзана книга со корици во црвена боја, во А4 формат, кој е даден во прилог и е составен дел на овој правилник.

Регистарот се води и електронски врз основа на изготвена апликативна програма.

Податоците од став 3 на овој член се заштитени од неовластени изменувања согласно принципите на електронска заштита на податоци.

Член 3

Регистарот на корицата го содржи грбот на Република Северна Македонија, назив: „РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА, МИНИСТЕРСТВО ЗА СОЦИЈАЛНА ПОЛИТИКА, ДЕМОГРАФИЈА И МЛАДИ“ и наслов „РЕГИСТАР НА ОБУЧЕНИ ЛИЦА ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ НА ПОЧЕТНА И КОНТИНУИРАНА ЕДУКАЦИЈА ЗА РОДОВО БАЗИРАНО НАСИЛСТВО ВРЗ ЖЕНИТЕ И СЕМЕЈНОТО НАСИЛСТВО“.

Првата страна на Регистарот содржи 12 рубрики, и тоа: реден број; вид на едукација (почетна/континуирана); име и презиме на обученото лице за спроведување на едукација за родово базирано насилство врз жените и семејното насилство; пол; контакт податоци (адреса, телефонски број и електронска адреса); вид и степен на образование; институција/организација каде е вработено лицето/волонтира или независен консултант/ка; датум на издавање на сертификатот за завршена обука за обучувач; организација која го издала сертификатот за завршена обука за обучувач и Програма за обука; број и датум на упис во Регистарот, број и датум на бришење во Регистарот; забелешка и потпис на службено лице.

Секоја страница од Регистарот се означува со реден број. Страната 1 се повторува до страна 100.

Член 4

Запишувањето на податоците во Регистарот се врши со темно сино мастило.

Во случај на погрешно запишување се врши исправка на тој начин што со црвено мастило преку погрешно запишаниот текст се повлекува тенка линија, така што погрешно внесениот податок да остане читлив и над него се внесува точен текст.

Секое запишување во Регистарот се потпишува од страна на службеното лице што го води Регистарот.

Член 5

Овој правилник влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

Бр. 17-2711/1
26 март 2025 година
Скопје

Министер за социјална политика,
демографија и млади
**Фатмир Лимани,** с.р.

ПРИЛОГ

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
МИНИСТЕРСТВО ЗА СОЦИЈАЛНА ПОЛИТИКА, ДЕМОГРАФИЈА И МЛАДИ

РЕГИСТАР НА ОБУЧЕНИ ЛИЦА ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ НА ПОЧЕТНА И КОНТИНУИРАНА ЕДУКАЦИЈА ЗА РОДОВО БАЗИРАНО НАСИЛСТВО ВРЗ ЖЕНИТЕ И СЕМЕЈНОТО НАСИЛСТВО

| Реден број | Вид на едукација (почетна/ континуирана) | Име и презиме на обученото лице за спроведување на едукација за родово базирано насилство врз жените и семејното насилство | Пол | Контакт податоци (адреса, телефонски број и електронска адреса) | Вид и степен на образование | Институција/ организација каде е вработено лицето/ волонтира или независен консултант/ка | Датум на издавање на сертификатот за завршена обука за обучувач | Организација која го издала сертификатот за завршена обука за обучувач и Програмата за обука | Број и датум на упис во Регистарот | Број и датум на бришење во Регистарот | Забелешка | Потпис на службено лице |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | | | | | | | | | |
| | | | | | | | | | | | | |
| | | | | | | | | | | | | |
| | | | | | | | | | | | | |
| | | | | | | | | | | | | |
| | | | | | | | | | | | | |
| | | | | | | | | | | | | |
| | | | | | | | | | | | | |
| | | | | | | | | | | | | |
| | | | | | | | | | | | | |
| | | | | | | | | | | | | |
| | | | | | | | | | | | | |
| | | | | | | | | | | | | |
| | | | | | | | | | | | | |
| | | | | | | | | | | | | |
| | | | | | | | | | | | | |
| | | | | | | | | | | | | |
| | | | | | | | | | | | | |

Страна 1 се повторува до страна 100.